[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 28.05.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 742 | 1 | |

**До: Општина Валандово**

## БАРАЊЕ
### за пристап до информации од јавен карактер

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следниве информации од јавен карактер:

1. Дали вашата општина досега има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од Министерството за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад од пакување?

2. Доколку има примено, наведете го поединечниот број на добиени канти и контејнери, и тоа:

- сина канта од 120 литри
- жолта канта од 120 литри
- син контејнер од 1100 литри
- жолт контејнер од 1100 литри

3. Дали вашата општина има склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување?

4. Доколку имате склучено договор, доставете ни ги информациите за тоа кога е склучен секој поединечен договор, со кого и до кога трае?

5. Дали во вашата општина постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **<u>- г) електронски запис</u>**
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **<u>- г) е-маил</u>**
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место:
28.05.2025

Потпис: [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-742/2
30.06.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] бр.0302-108/1 од 23.05.2024 година, заведено под бр.10-742/1 од 28.05.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Здружението на граѓани [redacted] бр. бр.0302-108/1 од 23.05.2024 година, заведено под бр.10-742/1 од 28.05.2025 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

### Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов
[redacted]

Изработил: С. Димитров [redacted]
Контролирал:В. Лазов
Одобрил: С.Христова Јовановиќ [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-742/3
30.05.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО
[redacted]

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК бр. 0302- 108/1 од 28.05.2025 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК бр. 0302- 108/1 од 28.05.2025 година , заведено под бр.10-742/1 од 28.05.2025 година, во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци од Општина Валандово :

1. Општина Валандово од Министерството за животна средина и просторно планирање има добиено жолти и сини канти од 120 литри и контејнери од 1100 литри за примарна селекција на отпад од пакување.

2. Општина Валандово има добиено:
- 50 сини канти од 120 литри;
- 50 жолти канти од 120 литри;
- 120 сини контејнери од 1100 литри;
- 120 жолти контејнери од 1100 литри;

3. Општина Валандово нема склучено договор со колективен постапувач за управување на отпад од пакување, а има склучено договори за селектирање на електронски отпад, хартија, пластика, текстил и стакло.

4.Нема ;

5. Во Општина Валандово постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот.

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ
[redacted]

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044